Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и владината делегација во состав Оливер Спасовски, заменик - претседател во Владата и министер за внатрешни работи, Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Дане Талески, советник за надворешна политика на ПВРМ и Даријан Сотировски, директор на Комисија за односи со верски заедници, денеска, во рамките на посетата на Република Италија и на Светата Столица (Ватикан) по повод Манифестацијата „Македонија во чест на Св. Кирил“ учествуваше во заеднички активности за чествување на делото на светите браќа Кирил и Методиј, со делегацијата на Република Бугарија предводена од премиерот Бојко Борисов...









